**20251543378**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 јули 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09, 38/10, 46/10, 61/10, 141/11, 14/12, 2/13, 92/13, 177/13, 62/15, 111/15, 215/15, 217/15, 192/16, 21/17, 181/17, 233/18, 199/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 179/21 и 59/25), во член 49 во точката б) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По точката б) се додава нова точка в) која гласи:

„в) во случаите определени во член 2 став 5 од Законот за Царинската тарифа, изјава чиј текст е наведен во Прилог 12 од оваа уредба, а која извозникот ја дава на фактура, испратница или било кој друг комерцијален документ во која се дава доволно детален опис на производите за да се овозможи нивна идентификација (изјава во фактура)’’.

Член 2

Одредбите од член 1 од оваа уредба со кои во член 49 став (1) се додава нова точка в) ќе се применуваат до добивањето на известување од повластената земја, согласно член 59 од оваа уредба, а најдоцна до 1 септември 2025 година.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7469/2
29 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.